Reply all | Delete Junk |

# Барање за пристап до информации од јавен карактер.

[redacted] Reply all |
Mon 3/11/2024 4:09 PM
To: Natalija Stojanova Filipova
Cc: Daniela Radik

Inbox

Барање информации j...
445 KB

Show all 1 attachments (445 KB) Download

Почитувани,

Во прилог ви доставувам барање за слободен пристап до информации од јавен карактер согласно ЗСПИЈК во електронска форма.

Поздрав и убав ден

[redacted] / [redacted]
12.03.24

**До**

Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, седиште на Ул. Кеј Димитар Влахов број 4 1000 Скопје,

- **службено лице за посредување при остварување на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер**

Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка
Komisioni Shtetëror ... në Procedurë Administrative
dhe në Procedurë të Marrëdhënies së Punës në Shkallën e Dytë
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | 11 · 03 · 2024 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број | Прилог Shtojca | Вредност Vlera |
| 1005 | 257/1 | | |

# БАРАЊЕ

**за пристап до информации од јавен карактер**

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Македонија бр. 13/06, бр.86/08, бр.6/10, 42/14, бр.148/15 и бр. 55/16 /19) , од имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

- **дали е завршена жалбената постапка пред државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен по поднесени жалби од лицето [redacted] со живеалиште на [redacted] против донесените акти Решение ИП1 бр. 17-42 од 18.05.2023 година и Решение ИП1 бр. 17-43 од 18.05.2023 година донесени од општински градежен инспектор при ЕЛС Општина Велес.**
- **Каков е исходот од жалбената постапка по поднесените жалби по двата акта против Решение ИП1 бр. 17-42 од 18.05.2023 година и против Решение ИП1 бр. 17-43 од 18.05.2023 година.**
- **Примерок во електронска форма од донесените одлуки по поднесените жалби против донесените акти Решение ИП1 бр. 17-42 од 18.05.2023 година и Решение ИП1 бр. 17-43 од 18.05.2023 година донесени од општински градежен инспектор при ЕЛС Општина Велес.**

Форма во која се бара информацијата:
- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **г) электронски запис**
- д) друго-----------------------------------------------------------------------

Начин на доставување на информацијата:
- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил** [redacted]
- д) друго

Барател на информацијата [redacted] **e-mail –** [redacted]

**Во Велес,** **Датум 11.03.2024 година**

**За подносител**

**Република Северна Македонија**
**Државна комисија за одлучување во управна постапка**
**и постапка од работен однос во втор степен**

13.03 2024 година

**Архивски број:** 1005-257/2

**До:** [redacted]

**Предмет: Известување**

Почитуван,

Во врска со Барањето за пристап до информации од јавен карактер доставено до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен кое по електронски пат на ден 11.03.2024 г. и заведено со наш број 1005-257/1, Ве известуваме за следново:

Барањето кое Вие го имате доставено до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен не може да се третира како барање од јавен карактер и по истото да се постапува согласно одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ( „Службен весник на РСМ " бр.101/19).

Во Вашиот случај се работи за барање од личен карактер и поради тоа Ве упатуваме да се обратите со писмен поднесок до Државната комисија во кој ќе го наведете Вашето барање. Доколку писмениот поднесок го доставувате во име на друго лице, наведете во кое својство се обраќате.Воедно, да се приложи и соодветен доказ како поткрепа на наведеното.

Со почит,

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**ДАНИЦА ЧАДИЕВА**

*Изготвил:Наталија С. Филипова*


Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен
Кеј Димитар Влахов бр.4, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3211 343
www.dkz.mk

[redacted] 03.04.24г

Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, врз основа на член 109 став 1 и 2 од Законот за општата управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/2015), а согласно член 27 и член 34 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019) и согласно одредбите на Упатството за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.60/20), постапувајќи по Жалбата изјавена од [redacted] поднесена против Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен на 28.03.2024 година го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

Жалбата од [redacted] поднесена против Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, заведена во архивата на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер под бр.08-62 на 20.03.2024 година **СЕ ОТФРЛА како недопуштена**.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

[redacted], како што е наведено во Жалбата, на 11.03.2024 година, преку електронска пошта поднел Барање за пристап до информации од јавен карактер до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, со кое побарал по е-маил да му се достави електронски запис од следната информација:

„-Дали е завршена жалбената постапка пред државна комисија за одлучување во управен постапка и постапка од работен однос во втор степен по поднесени жалби од лицето [redacted] со живеалиште [redacted], против донесените акти Решение ИП1 бр.17-42 од 18.05.2023 година и Решение ИП1 бр.17-43 од 18.05.2023 година донесени од општински градежни инспектор при ЕЛС Општина Велес.

-Каков е исходот од жалбената постапка по поднесените жалби по двата акта против Решение ИП1 бр.17-42 од 18.05.2023 година и против Решение ИП1 бр.17-43 од 18.05.2023 година.

-Примерок во електронска форма од донесените одлуки по поднесените жалби против донесените акти Решение ИП1 бр.17-43 од 18.05.2023 година и Решение ИП1 бр.17-43 од 18.05.2023 година донесени од општински градежен инспектор при ЕЛС Општина Велес."

Постапувајќи по ова Барање, Имателот на информации на 13.03.2024 година до Барателот на информации достави Известување бр.1005-257/2. Во Известување е

[redacted]

наведено: „Барањето кое Вие го имате доставено до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен не може да се третира како барање од јавен карактер и по истото да се постапуа согласно одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер...Во Вашиот случај се работи за барање од личен карактер и поради тоа Ве упатуваме да се обратите со писмен поднесок до Државната комисија....“

Незадоволен од наведеното Известување, Барателот на информацијата на 20.03.2024 година поднесе Жалба заведена во Агенцијата под арх. бр. 08-62. Во Жалбата Барателот [redacted] член 4, 10 став 1 алинеја 1, 12, 15, 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Постапувајќи по наведената Жалба, Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер истата ја отфрли како недопуштена, поради следното:

Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, утврди дека Барањето [redacted] Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен на 11.03.2024 година, не претставува барање за пристап до информации од јавен карактер, туку е барање од личен интерес, односно барање од надлежност на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, која била должна да постапи согласно своите надлежности.

Од списите во предметот, Агенцијата утврди дека во конкретниот случај Барателот на информации, неосновано повикувајќи се на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и занемерувај[redacted]ран во чл.3 ст.1 алинеја 7 од истиот Закон, поднел барање за пристап до информации кои имаат личен карактер, со кое Барање бара информација за текот на конкретна жалбена постапка пред Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Во конкретниот случај, Имателот на информации со Известување потврдува [redacted]чен интерес, а и[redacted] Барателот како бараните информации да ги добие со стандартизирано барање пред Имателот.

Согласно член 26 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер „Право на правна заштита во согласност со овој закон има барателот кој поднел барање за пристап до информација согласно членот 12 став (1) од овој закон“. Во конкретниот случај Барателот се обидел да добие информација од Имателот на информации, неосновано повикувајќи се на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер на жалителот му укажува дека целта на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и на Упатството за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, е на физичките и правните лица

да им се овозможи да го остварат правото на слободен пристап до информации од јавен карактер и обезбедат јавност и отвореност во работењето на органите, а не негова законски неоснована и несоодветна примена.

Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер обезбедува остварување на јавен интерес, опишан и таксативно наброен во член 3 став 1 алинеја 7 и гласи: „Јавен интерес во остварувањето на правото на пристап до информации подразбира, но не се ограничува, на интерес за информации со чие што објавување...1.ќе се открие злоупотреба на службената положба и коруптивното однесување; 2.ќе се открие противправно стекнување или трошење на буџетски средства; 3.ќе се открие потенцијален судир на интереси; 4.ќе се спречат и откријат сериозни закани по здравјето и животот на луѓето; 5.ќе се спречи и открие загрозување на животната средина; 6. Ќе се помогне да се разбере прашањето за кое се креира јавна политика или се води парламентарна дебата и 7. Ќе се овозможи еднаков третман на секој граѓанин пред законите".

Законската дефиниција на "јавниот интерес" значи дека остварувањето на јавниот интерес подразбира остварување на интересот на пошироката заедница како целина, којшто има првенство пред индивидуалните потреби и права на поединците.

Согласно погоренаведеното, Агенцијата му укажува на жалителот, дека своите права и приватни (лични) интереси може и треба да ги остварува пред се согласно материјалните закони кои ја регулираат соодветната материја во предметите во кои тој се јавува како странка и правната заштита може да ја бара согласно тие закони.

Согласно погоре наведеното, Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Ова Решение е конечно во управната постапка и против него нема место за жалба.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение странката може да поведе управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер
Agjencia e mbrojtjes të së drejtës për qasje të lirë në informacione me karakter publik
Бр.-Nr. 08-62
28.03.2024 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**Директор,**
**Пламенка Бојчева**